# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 12495/2***
***30.06.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LV -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 30.06.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Стојан Петрески, раководител на одделението за имотно правни односи (делумно присутен);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар.*

*На седницата во врска со точката 4 - Барање од Македонски Авиотранспорт за репрограмирање на обврските присуствуваше Златко Петровски, претседател на одборот на директори на Македонски Авиотранспорт, а во врска со точката 7 - Барање од Реплек за разгледување на предметот ТС бр. 848/08 и КИ бр. 729/06, присуствуваше Душан Туџаров, директор на Реплек АД Скопје.*

*Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.06.2009 година*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
2. *Ребаланс на буџетот на Фондот;*
3. *Буџети на јавните здравствени установи;*
4. *Барање од Македонски Авиотранспорт за репрограмирање на обврските;*
5. *Барање од РЖ Скопје - Фаморд АД;*
6. *Разно.*

*Потоа побара Управниот одбор да расправа и за Предлогот од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што е упатен до Управниот одбор на 29.06.2009 година, и за барањето од АД Реплек од Скопје за разгледување на предметот ТС бр. 848/08 кој по тужба на Фондот против оваа фирма се води пред Основниот суд Скопје II.*

*Побара и во рамките на точката разно, да се разгледаат неколкуте пристигнати барања од здравствени установи кои се со различна содржина.*

*Страшо Наумоски не се согласи со предложениот дневен ред наведувајќи дека во името на Лекарската комора на Македонија бара точката 2 - Ребаланс на буџетот на Фондот да се симне од дневниот ред.*

*По ова, со гласање во кое Фисник Ибраими, Снежана Костадиноска Милошеска, Трајче Леов и Љубиша Каранфиловски гласаа „за“ а Страшо Наумоски „против“ предложениот дневен ред, Управниот одбор го усвои следниот*

***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.06.2009 година*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
2. *Ребаланс на буџетот на Фондот;*
3. *Буџети на јавните здравствени установи;*
4. *Барање од Македонски Авиотранспорт за репрограмирање на обврските;*
5. *Барање од РЖ Скопје - Фаморд АД;*
6. *Предлог од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Барање од Реплек за разгледување на предметот ТС бр. 848/08 и КИ бр. 729/06.*
8. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.06.2009 година*

*Страшо Наумоски, укажа дека во записникот е пропуштено да се внесе расправата по писмото од Лекарската комора на Македонија кое се однесува на концесионираањето на лекарите во здравствената установа Железничар од Скопје. Побара таа дискусија да биде внесена.*

*По внесувањето на оваа корекција, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од од LIV -та седница на Управниот одбор одржана на 04.06.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Директорот Тренкоски и Стојан Петрески објаснија дека со предложената измена на правилникот се предлага проширување на индикациите за остварување на правото на ортопедски и други помагала кои се однесуваат на потешкотии со инконтиненција, за сите групи на осигурени лица (деца, стари, изнемоштени лица). Истовремено, заради подобро прилагодување на посебните потреби на осигурените лица, овозможено е лекарите покрај досега предвидените пелени, да препишуваат и модерни помагала - влошки. За овие помагала се предлагаа и утврдување на референтни цени.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето, по што едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*со кој се проширувaат индикациите за остварување на правото на ортопедски и други помагала кои се однесуваат на потешкотии со инконтиненција, за сите групи на осигурени лица и се овозможува покрај досега предвидените пелени, да се препишуваат и модерни помагала - влошки, и*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурените лица можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која се утврдија референтни цени за помагалата кои за првпат се предвидуваат за препишување на осигурените лица.*

***ТОЧКА 2 -*** *Ребаланс на буџетот на Фондот*

*Објаснување по оваа точка даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа објасни дека Собранието на Република Македонија го усвои ребалансот на државниот буџет. Со овој ребаланс буџетот на Фондот е намален за 784,299,000,00 денари. Во врска со реализацијата на буџетот на Фондот наведе дека таа е во висина од 95%. Зголемување од 100 милиони денари имаме кај придонесот за плати. Најголема ставка е придонесот за невработените кој треба да доаѓа на сметката на Фондот со директен трансфер од буџетот. Но токму во врска со тоа се појавуваат технички и кадровски проблеми. Ако тоа не се надмине, следниот месец може да се појави проблем со исплатата на дванаестинката на јавните здравствени установи. Потоа според работните материјали даде објаснување и на расходната страна. Укажа дека структурата секоја ставка на расходната страна е направена според реализацијата од предходната година, анализа на реализацијата од првите 6 месеци и проекција до крај на годината. Кај ортопедските помагала се бележи зголемување од 15%. Објасни и дека прегледот е направен според фактурите од здравствените установи.*

*Страшо Наумоски по ова објасни дека барањето за симнување на оваа точка од дневниот ред беше истакнато заради големата прераспределба на средствата што е направена помеѓу примарната, болничката и специјалистичко-консултативната здравствена заштита и тоа на штета на примарната. Тоа не е добро бидејќи е познато дека вложувањата во примарното здравство носат заштеди поради помалите трошоци во секундарното и терцијарното. За тоа барам и писмено објаснување. Наведе и оти смета дека намалувањето може да предизвика и отпуштања на вработени во примарното здравство. На крајот предложи распределбата на средствата да остане непроменета, особено зашто добивме уверување дека преложената измена не менува многу.*

*Ромела Поповиќ Трајкова пак рече дека ако не се изврши измена ќе се појават проблеми со реализацијата на средствата. Инаку, во секое време може да се разгледа секој издржан предлог за распределување на средствата во буџетот.*

*По ова претседателот на Управниот одбор побара членовите да се изјаснат за предложениот ребаланс на буџетот на Фондот. Фисник Ибраими, Снежана Костадиноска Милошеска, Трајче Леов и Љубиша Каранфиловски гласаа „за“ а Страшо Наумоски „против“. На тој начин Управниот одбор со мнозинство на гласови донесе*

***Одлука***
*за утврдување на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година*

***ТОЧКА 3 -*** *Буџети на јавните здравствени установи*

*Објаснување по ова точка даде директорот Тренкоски. Наведе дека измените се минорни и се однесуваат на неколку болници како резултат на дополнителни фактури. Измените се должат на дополнително доставените од страна на здравствените установи корегирани податоци за остварениот вид и обем на здравствени услуги кои се однесуваат за првиот квартал (патронажа, лабораторија и сл.) а кои не беа земени предвид при изготвувањето на Анализата на остварувањето на договорениот вид и обем на здравствени услуги во првиот квартал во 2009 година, врз основа на која на Седницата на УО на Фондот одржана на 04.06.2009 година беа направени измени во буџетските плафони на јавните здравствени установи. Инаку до Фондот се доставени вкупно 25 барања од страна на јавните здравствени установи за корекција на нивните буџетски плафони за 2009 година. Стручната служба на Фондот ги разгледа и предлага да се извршат измени кај 17 здравствени установи. Предлог-измената на буџетскиот плафон на Клиниката за хематологија се должи на потрошувачката на факторите за коагулација, за кои потребните средства за набавка беа вкалкулирани во буџетскиот плафон на Републичкиот завод за трансфузиологија.*

*Љубиша Каранфиловски потсети дека измени на буџетските плафони беа направени кога се вршеше квартално усогласување. Со сега предложените корекции на плафоните имаме четири милиони зголемување па се поставува прашање од каде ќе се обезбедат средства.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи***
***за 2008 година***

*со која се извршија измени на буџетските плафони кај 17 здравствени установи. За наредната седница да се даде објаснување колку се тие средства.*

***ТОЧКА 4 -*** *Барање од Македонски Авиотранспорт за репрограмирање на обврските*

*Златко Петровски, претседател на одборот на директори на Македонски Авиотранспорт објасни дека Македонски авиотранспорт согласно Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување, поднесе барање за мирување на неговите обврски кон Фондот по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување. Донесено е решение за мирување по што Македонски авиотранспорт имаше обврска редовно да го плаќа тековниот придонес. Меѓутоа, поради незаконско приземјување на неговите авиони во изминатите месеци не е во можност да работи и остварува приходи поради што и не ги извршува своите обврски. Поради тоа, согласно Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување, Фондот преку надлежен извршител побара наплата*

*на целиот долгуван износ со што е блокирана сметката на Македонски авиотранспорт. Додаде и дека доколку блокадата продолжи и во наредните денови, ќе се исполнат условите од Законот за стечај кои создаваат обврска за бордот на директори да побара отворање на стечајна постапка над фирмата. Потоа наведе дека на 3 јули авионите на Македонски авиотранспорт треба повторно да полетаат со што ќе се создаваат приходи. На тој начин ќе може да се сервисираат и долговите кон Фондот. Во таа насока побара на Македонски авиотранспорт да му се овозможи плаќаање на долгот на рати. Ваквото плаќање на долгот ќе биде во обостран интерес а во прилог на тоа говори и фактот што сличен договор помеѓу Фондот и Македонски авиотранспорт веќе успешно се спроведе пред неколку години.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали со склучувањето на спогодба би се решил проблемот на плаќањето на обврските на трајна основа. Ова со оглед што Македонски авиотранспорт има обврски и спрема други субјекти.*

*Златко Петровски одговори дека моментално Македонски авиотранспорт со Владата на Република Македонија води разговори за спогодбено решавање на споровите и со други државни органи.*

*Потоа Стојан Петрески на членовите на Управниот одбор им го објасни концептот на Законот за мирување и отпишување на обврски по основ на неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување и можностите и обврските што тој ги предвидува за субјектите кои имаат заостанати обврски кон Фондот. Наведе дека кога согласно одредбите на законот, со решение на Фондот ќе се утврди мирување на обврските, обврзникот за плаќање на придонес има обврска во наредните четири години редовно да го плаќа тековниот придонес. Доколку тоа го прави во наредните четири години, заостаните обврски утврдени во решението за мирување ќе му бидат бришани. Меѓутоа, доколку тековниот придонес не се плаќа редовно, Фондот со решението за мирување како извршна исправа ќе побара наплата на целиот заостанат долг, заедно со каматите. За Македонски авиотранспорт има конечно и извршно решение кое е дадено за извршување и досега такво решение немаме повлечено од извршување.*

*Фисник Ибраими праша дали ако Управниот одговори позитивно на барањето, Македонски авиотранспорт ќе започне веднаш со плаќањето, а Златко Петровски одговори позитивно.*

*Љубиша Каранфиловски пак рече дека ако постои законска можност за склучување на спогодба со која ќе му се овозможи на Македонски авиотранспорт плаќање на долгот на рати, тој ќе ја поддржи.*

*По ова, Снежана Костадиноска Милошеска укажа дека би можело да се дозволи плаќање на долгот на Македонски авиотранспорт на 12 месечни рати со вклучување на одредба дека при првото наредно неплаќање на рата Фондот повторно ќе побара извршување на целиот долгуван износ.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со тоа, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која одлучи со Македонски авиотранспорт да се склучи спогодба за плаќање на долгот за неплатен придонес за здравствено осигурување на 12 месечни рати. Во спогодбата да се вклучи одредба според која доколку Македонски авиотранспорт не плати една рата според спогодбата веднаш да се побара извршување на целиот износ на долгот. По потпишувањето на спогодбата за плаќање на долгот на 12 рати, да се повлече барањето за извршување.*

***ТОЧКА 5 -*** *Барање од РЖ Скопје - Фаморд АД*

*Управниот одбор го разгледа барањето на РЖ Скопје - Фаморд АД кое бара да им се овозможи продолжување на плаќањето на долгот според порано склучениот договор со Фондот од 2006 година. Наведуваат дека според тој договор редовно ги извршувале обврските, но со започнувањето на наплатата на придонесите според концептот на бруто плата, настанале проблеми со ликвидноста па нивната сметка била блокирана од Фондот на ПИОМ.*

*По разгледувањето на барањето, Управниот одбор едногласно го прифати барањето на РЖ Скопје - Фаморд АД и одлучи доколку како обезбедување на плаќањето на Фондот му достави банкарска гаранција, да дозволи Фаморд да продолжи со плаќање на долгот според договорот број 0427 од 17.05.2006 година.*

***ТОЧКА 6 -*** *Предлог од министерот за здравство за изменување и дополнување на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Предлогот кој е изработен од Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија накусо го изложи Фисник Ибраими. Со предлогот во Листата се вклучуваат 17 нови генерики во вкупно 39 фармацевтски форми и јачини, една нова јачина и две нови фармацевтски дозирани форми на генерики кои веќе ги има на важечката Листа. Десет генерики од болничката листа на лекови се предложени за премин на примарната листа на лекови, за три генерики е предложена измена на режимот на издавање со што истите ќе можат да ги препишуваат и стоматолози.*

*Директорот Тренкоски укажа дека се работи за чуствителна материја. Доставувањето на предлогот го оцени како позитивно, но наведе дека Фондот неможе да даде мислење по предлогот додека истиот не биде проучен. Би било добро и Лекарската комора да се запознае со предлогот и да даде свое мислење зашто преминувањето на лекови од болничката на примарната листа ќе ги засегне и примарните лекари.*

*Фисник Ибраими дополни дека доколку Фондот има недостаток на средства за дополнителните трошоци што би можеле да настанат со овие измени на Листата, може за тоа да го извести Министерството кое ќе изнајде начин за нивно изнаоѓање.*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека во моментов болниците се соочуваат со зголемени трошоци за лекови. Овој предлог веројатно би придонел за нивно*

*намалување. Поради тоа предлогот изгледа добар, но би сакал да види анализа за проектираните заштеди.*

*По ова Фисник Ибраими предложи стручната служба на Фондот колку е можно побргу да го проучи предлогот па за следаната седмица да се закаже нова седница на Управниот одбор кога ќе се разгледа предлогот на Министерството и мислењето на стручната служба.*

*Управниот одбор едногласно го прифати предлогот со дополнување да се побара и од Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови, доколку има изготвено финансиска анализа за ефектите од предложените измени, да ги достави до Фондот.*

***ТОЧКА 7 -** Барање од Реплек за разгледување на предметот ТС бр. 848/08 и КИ бр. 729/06*

*Објаснување на барањето даде Душан Туџаров, директор на Реплек АД, кој присуствуваше на седницата во делот што се однесува на оваа точка. Наведе дека Фондот против Реплек води постапка за враќање на средства кои Реплек наводно ги стекнал со испорачување на дијализери кои се поевтини од договорените а со наплаќање по цени според договорот. Во врска со тоа, и против него се води кривична истрага за злоупотреба на службената должност. Потоа објасни дека тужбата на Фондот се базира на информација изготвена од посебно за тоа формирана комисија која имала задача да проучи дали Реплек испорачувал соодветни дијализери. Информацијата пак се повикува на друга информација изготвена од комисија на Министерството за здравство чија веродостојност е спорна. Во тоа време Реплек бил единствен снабдувач на македонскиот пазар со дијализери. Потоа се појавиле и други фирми. Наведе дека токму таа нова конкуренција по медиумите почнала со кампања против неговата фирма па смета дека од таму и потекнуваат и небулозите кои доведоа до поведување на постапки против Реплек и него лично. Личноста која стои зад тоа, претходно работеше во финансиската полиција а сега е во една конкурентска фирма на Реплек. Поради сето наведено, побара од Управниот одбор да донесе одлука за повлекување на тужбата против Реплек за враќање на средства стекнати без основ, што ќе придонесе и за запирање на кривичната истрага. По ова, Душан Туџаров ја напушти седницата.*

*Директорот Тренкоски дополни дека и од правниот застапник на Фондот е упатено писмо со барање Фондот да се произнесе дали понатаму да се продолжи постапката.*

*Фисник Ибраими предложи оваа точка да се одложи за следната седница. Тоа од причина што освен излагањето на Душан Туџаров, Управниот одбор треба да добие мислење и од правниот застапник на Фондот.*

*Останатите членови го поддржаа предлогот, по што Управниот одбор едногласно одлучи оваа точка да се разгледа на следната седница кога објаснување да дадат правниот сектор и правниот застапник на Фондот.*

***ТОЧКА 8 -*** *Разно*

*Под точката разно, Управниот одбор ги разгледа барањата упатени од здравствените установи Филип 2 Дент Кавадарци, Гинеко Медика Битола, Ортодонција Др. Елезовиќ Др. Ѓорѓески Тетово, Харт Дијагностика 1 Дебар, Про Дент Скопје и Аптека Софора Битола.*

*Објаснувања во врска со барањата даде Јасмина Смилевска. По објаснувањето Управниот одбор едногласно одлучи барањата да се одбијат.*

*Со тоа дневниот ред беше исрпен, и Управниот одбор во 15.00 часот заврши со работата на LV -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Фисник Ибраими***